**РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**
**REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT**
**СОВЕТ НА ЈАВНИТЕ ОБВИНИТЕЛИ НА РЕПУБЛИКА SEVERNA МАКЕДОНИЈА**
**KËSHILLI I PROKURORËVE PUBLIK I REPUBLIKËS SË MAQEDONISË SË VERIUT**

А бр:04-120/11
22.10.2020 година

Врз основа на член 52 став (1) од Законот за административни службеници (Сл. весник на РМ бр. 27/14), Генералниот секретар на Советот на јавните обвинители на Република Северна Македонија (СЈОРСМ) на ден 22.10.2020 година донесе

# ОДЛУКА
## За избор на прворангираните кандидати по распишаниот Интерен оглас бр.02/2020 за унапредување на еден административен службеник во СЈОРСМ

**01.** За унапредување на работното место УПР 0101Б04000, ниво Б4-Раководител на Одделение за буџет и финансиско работење,Одделениееление за за буџет и финансиско работење 1 извршител (1), на Интерниот оглас бр.02/2020, се избира прворангираниот кандидат Елена Трајкова.

**02.** Оваа Одлука влегува во сила со денот на донесувањето.

### Образложение

По Интерниот оглас бр.02/2020 објавен на ден 14.10.2020 година на веб страниците на Советот на јавните обвинители на Република Северна Македонија и Агенцијата за администрација, за унапредување на еден административен службеник на работното место : УПР 0101Б04000, ниво Б4 Раководител на Одделение за буџет и финансиско работење, Одделениееление за за буџет и финансиско работење, Комисијата за селекција за унапредување формирана со Решение бр.04-120/8 од 21.10.2020 година, изврши административна селекција на пријавените кандидати.

Согласно чл.51 став (5) од Законот за административни службеници, Комисијата спроведе интервју со предложените кандидати пријавени на Огласот, кои ги исполнуваат условите од огласот пропишани со Законот за административни службеници и Правилникот за систематизација на работните места во СЈОРМ бр.04-218/3 од 23.11.2016 година, за што Комисијата достави соодветен Записник-Извештај од спроведеното интервју. Врз основа на освоените бодови од административната селекција и интервјуто, Комисијата изготви Финална ранг листа на интервјуирани кандидати, врз основа на што на Генералниот секретар како одговорно лице кое

раководи со Стручната служба на СЈОРМ му достави Предлог-одлука за избор на прворангираните кандидати на Огласот за двете работни места.

Врз основа на Финалната ранг-листа и доставениот Предлог за избор на прворангираниот кандидат за работното места од Комисијата, Генералниот секретар на СЈОРМ донесе одлука за избор на кандидатите како во диспозитивот на оваа Одлука.

По конечноста на оваа Одлука, ќе се донесат Решенија за унапредување на административните службеници.

ПРАВНА ПОУКА: Против оваа одлука незадоволниот кандидат има право на жалба до Агенцијата за администрација во рок од 8 дена од денот на објавување на Одлуката на веб страницата на Совет на јавните обвинители на Република Северна Македонија.

ГЕНЕРАЛЕН СЕКРЕТАР НА СЈОРСМ,

Аспарух Мисајловски

д-но до:
-Агенција за администрација
- Одделение за административно правни и општи работи на СЈОРСМ (персонално досие и за објава на веб страна на СЈОРСМ)
-архива
-пријавени кандидати
- Одделение за буџет и финансиско работење